Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 18. 09. 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtesë: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 306/3 | | |

- Сектор за правни и општи работи -

02-4676/1

23. 08. 2019

ДО: Академија за судии и јавни обвинители „Павле Шатев"
Бул. Јане Сандански бр.12 Скопје

Предмет: Доставува/ Меморандум за соработка

Почитувани,

Министерството за животна средина и просторно планирање има иницијатива да започне со унапредување на знаења од областа на животната средина преку развивање на меѓусебна соработка со институциите Академија за судии и јавни обвинители „Павле Шатев" и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во таа насока, во прилог на овој допис, Ви доставуваме Меморандум за соработка помеѓу институциите на Ваше потпишување.

Контакт лице од инстутуцијата

Тања Пауновска, e-mail: t.paunovska@moepp.gov.mk
Билјана Тешева Ѓорѓиевска e-mail: b.tesheva@moepp.gov.mk

Државен секретар
Ана Петровска

Изготвил: Магдалена Цветкоска
Контролирал:Билјана Тешева Ѓорѓиевска
Одобрил : Тодор Ѓорговски


Министерство за животна средина
и просторно планирањена
Република Северна Македонија

Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3251
403www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 18. 09. 2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtesë: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 306/3 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-4676/1
23. 08. 2019 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 03-306/3
18. 09. 2019 год.-viti
Скопје-Shkup

Скопје

-------------------

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 18.09.2019 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtesë: | Вредност: Viera: |
| 03 | 306/3 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-4676/1
28.08.2019 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Помеѓу:

1. Академијата за судии и јавни обвинители,,Павел Шатев"со седиште на Бул.Јане Сандански бр.12 во Скопје, претставувана од директор/судија проф.Д-р Наташа Габер-Дамјановска.

2. Министерство за животна средина и просторно планирање, со адреса на Плоштад "Пресвета Богородица"бр.3 Скопје, преставувано од Министер Naser Nuredini.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев",Министерството за животна средина и просторно планирање потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на јавната администрација и управното правосудство, надзорот на работата на општините во насока на унапредување назнаењето од областа на животната средина преку развивање на соработката на полето на континуирана обука и друга меѓусебна соработка, се договорија за следното:

Член 1

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 2

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во рамки на законските надлежности на двете институции, на следниот начин:

- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев"и Министерство за животна средина и просторно планирање соработуваат, заедно организираат и учествуваат во активности поврзани со контуирани обуки, како поддршка и унапредување назнаењето за законодоавството од областа на животната средина.

- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", на предлог на Управниот и Вишиот управен суд утврдува листа на учесници на обуките од редот на нивните судски службеници и судии.

- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање утврдува листа на обучувачи кои ќе ги спроведат предвидените обуки.

- Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" утврдува програма за обуките .

- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев"обезбедува средства за обучувачите .

- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање на учесниците на обуките, овозможува користење на материјали потребни за реализација на обуките.

- Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев" обезбедува просторни услови за непречено одвивање и реализација на обуките.

- Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со Министертвото за животна средина и просторно планирање изготвува извештај за спроведените обуки.

Член 3

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења.

Член 4

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на идната соработка.

Член 5

Овој Меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да раскине истиот по истек на еден месец откако по писмен пат ги известила другите две страни за раскинувањето доколку некоја од страните не ги почитува и спроведува обврските зацртани во овој Меморандум.

Член 6

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи се додека еден од потписниците не одлучи да го прекине, односно да се отповика од него.Потписникот кој ќе го прекине, односно ќе се отповика од Меморандумот, должен е за тоа да го извести другиот потписник најдоцна два месеци претходно.

Потпишан во Скопје,

______________________

| | |
|---|---|
| Академија за судии и јавни обвинители | Министерство за животна |
| „Павел Шатев" | средина и просторно планирање |
| директор , | министер, |
| проф.Д-р Наташа Габер Дамјановска | Naser Nuredini |
| ______________________ | ______________________ |